РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
Бр. 0201-447/12
24.06 2026 год.
ШТИП

Врз основа на член 94 од Законот за високото образование („Службен весник" бр. 82/18, бр. 154/19, бр. 178/21, бр. 58/24 и бр. 124/25), **Универзитетскиот сенат** на **259.** седница, одржана на **23.06.2026** година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

## за доделување партиципации на студенти кои ќе бидат запишани во прв, втор и трет уписен рок на прв циклус на студии на студиските програми за прва година на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип во учебната 2026/2027 година

### Член 1

Се дава согласност на одлука од Наставно – научниот совет на Филолошки факултет, бр. 1902-61/6 од 11.02.2026 година, за доделување партиципации на студенти кои ќе бидат запишани во прв, втор и трет уписен рок на прв циклус на студии на студиските програми во прва година на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип во учебната 2026/2027 година. Останатите трошоци студентите си ги покриваат сами.

### Член 2

Студентите кои ќе добијат партиципација, се ослободуваат од плаќање за студирање во прва година, а рангирањето на студентите ќе се врши врз основа на постигнатиот успех од средно образование, кој не треба да е под 80 поени.

### Член 3

Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип согласно Одлуката бр. 1905-60/4 од 11.02.2026 година донесена од Институтот за јазици при Филолошкиот факултет, согласно наведеното во член 2, ќе обезбеди партиципации за прворангираните студенти и тоа:

1. **За студиската програма Македонски јазик и книжевност** (наставна насока и применета насока) – партиципацијата е регулирана со посебна одлука;

2. **За студиската програма Германски јазик и книжевност** (наставна насока) – партиципација за најдобрите 5 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;

3. **За студиската програма Германски јазик и книжевност** (преведување и толкување) – партиципација за најдобрите 5 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;

4. **За студиската програма Турски јазик и книжевност** (наставна насока) – партиципација за најдобрите 5 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;

5. **За студиската програма Турски јазик и книжевност** (преведување и толкување) – партиципација за најдобрите 5 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;

6. **За студиската програма Италијански јазик и книжевност** (наставна насока) – партиципација за најдобрите 5 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;

7. **За студиската програма Италијански јазик и книжевност** (преведување и толкување во Штип) – партиципација за најдобрите 5 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;

8. **За студиската програма Англиски јазик и книжевност** (наставна насока) – партиципација за најдобрите 10 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;

9. **За студиската програма Англиски јазик и книжевност** (преведување и толкување) – партиципација за најдобрите 10 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти.

**Член 4**

Доколку во првиот уписен рок на споменатите студиски програми не се запишат редовни студенти кои автоматски подлежат на рангирање според наведените бројки, оваа бројка на најдобро рангирани редовни студенти ќе се дополнува во вториот, односно во третиот уписен рок.

Вкупниот број во сите три уписни рокови не може да изнесува повеќе од наведениот максимум во точките од 2 до 9.

Средствата за партиципациите од член 3 ќе бидат на товар на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет.

**Член 5**

Студентите од ромска националност, кои ќе се запишат во учебната 2026/2027 година, се ослободуваат од плаќање на партиципација за прв и втор семестар. Останатите трошоци студентите си ги покриваат сами.

**Член 6**

Одлуката не се однесува на студенти што завршиле средно образование пред учебната 2006/2007 година и не полагале државна матура.

**Член 7**

Составен дел на оваа одлука е одлуката од член 1.

**Член 8**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Изработил:** Советник за општи и правни работи,
М-р Кристина Ѓорѓиевска

**Одобрил:** Генерален секретар
М-р Ристо Костуранов

Претседател на Универзитетски сенат
Проф. д-р Снежана Мирасчиева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ШТИП
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 1902-61/6
11.02.2026 год.
Ш Т И П

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на член 110. од Законот за високото образование ("Сл. весник на Р. Македонија" бр.82/18, и Сл.весник на РСМ бр.154/19,178/21, бр.58/24 и 124/25), Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на својата 324. седница, одржана на ден 11.2.2026 година, ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

**за доделување партиципации на студенти кои ќе бидат запишани на прв циклус на студиските програми во прва година на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип во учебната 2026/2027 година**

**Член 1**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** доделување партиципации на студенти кои ќе бидат запишани на прв циклус на студиските програми во прва година на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како редовни студенти во државна квота во прв, втор и трет уписен рок во учебната 2026/2027 година. Останатите трошоци студентите си ги покриваат сами.

**Член 2**

Студентите кои ќе добијат партиципација, се ослободуваат од плаќање за студирање во прва година, а рангирањето на студентите ќе се врши врз основа на постигнатиот успех од средно образование, кој не треба да е под 80 поени.

**Член 3**

Институтот за јазици на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип согласно Одлука бр.1905-60/4 од 11.2.2026 год. ќе обезбеди партиципации за прворангираните студенти и тоа:

1. За студиската програма Македонски јазик и книжевност (наставна насока и применета насока) - партиципација е регулирана со посебна одлука;

2. За студиската програма Германски јазик и книжевност-наставна насока - партиципација за најдобрите 5 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;
3. За студиската програма Германски јазик и книжевност-преведување и толкување - партиципација за најдобрите 5 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;
4. За студиската програма Турски јазик и книжевност – наставна насока - партиципација за најдобрите 5 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;
5. За студиската програма Турски јазик и книжевност – преведување и толкување - партиципација за најдобрите 5 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;
6. За студиската програма Италијански јазик и книжевност – наставна насока - партиципација за најдобрите 5 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;
7. За студиската програма Италијански јазик и книжевност – преведување и толкување Штип - партиципација за најдобрите 5 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти ;
8. За студиската програма Англиски јазик и книжевност – наставна насока - партиципација за најдобрите 10 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;
9. За студиската програма Англиски јазик и книжевност – преведување и толкување - партиципација за најдобрите 10 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;

Доколку во првиот уписен рок на спомenатите студиски програми не се запишат редовни студенти кои автоматски подлежат на рангирање според наведените бројки, оваа бројка на најдобро рангирани редовни студенти ќе се дополнува во вториот, односно во третиот уписен рок.

Вкупниот број во сите три уписни рокови не може да изнесува повеќе од наведениот максимум во точките од 2 до 9.

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Член 4

Одлуката не се однесува на студенти што завршиле средно образование пред учебната 2006/2007 година и не полагале државна матура.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Член 6

Примерок од одлуката да се достави до Ректорската управа, Универзитетски Сенат, Кабинет на Генерален Секретар и Кабинет на Проректор за настава и архивата на Факултетот.

**Филолошки факултет**

**Декан,**

**Проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска**